**ПОВИК БР. 20/2023 – НАБАВКА НА ПРОСТОРИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЗАВРШЕН НАСТАН**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Поттикнување на овозможувачка средина за пријавување корупција во јавните претпријатија" кој е финансиран од Амбасадата на САД во Северна Македонија објавува **Повик за набавка на просторија за организирање на завршен настан – свеченост за потпишување на декларација**.

Предмет на набавката се состои од два дела, сметани како единечна набавка (набавка доделена на еден субјект).

**Дел 1** – набавка на просторија за организирање на завршен настан – свеченост за потпишување на декларација. Просторијата треба да може да прифати 45 учесници. Масите да бидат распределени во форма на буква „П“. Да бидат обезбедени три микрофони на предната маса. Покрај тоа, да биде обезбеден и соодветен SoundSystem, LCD Проектор и Екран како и компјутер за презентација. Дополнително, да се обезбеди 1 лице за техничка поддршка и 2 лица (хостеси) за пречек и спроведување на гостите на настанот.

**Дел 2** -Закуска за 45 учесници која вклучува храна во форма на канапеи, брускети и ситни колачи (или сличен тип на храна) и освежување од безалкохолни пијалаци, кафе и чај и за 45 учесници.

Настанот ќе се одржи на 21 септември 2023 година од 12 – 14 часот.

Цената во понудата да биде изразена во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ. Плаќањето ќе биде извршено по соодветна фактура за проекти ослободени од ДДВ.

Важно: Ве молиме посебно да биде изразена цена за дел 1 и посебно за дел 2.

**Понудата се доставува на електронската адреса isie@mail.org најдоцна до 18 август 2023г.**

По завршување на процесот на селекција сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Скопје, 8.8.2023 година